Врз основа на член 11 став 2 од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија” бр. 16/2004), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ПРАВНИ ЛИЦА ЗА ВРШЕЊЕ СТРУЧНА КОНТРОЛА ВО ОРГАНСКОТО ПРОИЗВОДСТВО

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на правни лица за вршење стручна контрола во органското производство.

## Член 2

Регистарот на правни лица за вршење стручна контрола во органското производство (во понатамошниот текст: регистар), се води во форма на тврдо укоричена книга со димензии 430 х 300 мм со поврзани и нумерирани страници. Книгата е со бордо корици и на предната страна има натпис со букви во златна боја “Регистар на правни лица за вршење стручна контрола во органското производство .”

Содржината на регистарот се води на образец 1 даден во прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Регистарот од член 1 на овој правилник ги содржи следните податоци :

- реден број/ страна
- назив на овластеното правно лице,
- ЕДБС (за правни лица),
- седиште и адреса,
- општина,
- име и презиме на управителот на правното лице,

- структура и број на вработени во правното лице,
- решение за акредитација/ договар за акредитација,
- регистарски број на овластеното правно лице,
- датум на запишување во Регистерот,
- број и датум на Решението за упис во регистарот,
- број и датум на објавување на Решението за упис во регистарот во „Службен весник на Република Македонија",
- број и датум на Решение за бришење од регистарот,
- број и датум на објавување на Решението за бришење од регистарот во „Службен весник на Република Македонија",
- забелешка,
- потпис на овластено лице за водење на регистарот.

**Член 4**

Регистарот истовремено се води и во електронска форма на македонски и англиски јазик заради потребата од меѓународна размена на податоци.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-3164/3
27 март 2007 година
Скопје

Министер,
**Ацо Спасеноски**, с.р.

Образец 1

Република Македонија
Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Скопје

# РЕГИСТАР

## НА ПРАВНИ ЛИЦА ЗА ВРШЕЊЕ СТРУЧНА КОНТРОЛА ВО ОРГАНСКОТО ПРОИЗВОДСТВО

| | |
|---|---|
| СТРАНА : | |
| ПРЕНОС : | |

**РЕГИСТАР НА ПРАВНИ ЛИЦА ЗА ВРШЕЊЕ СТРУЧНА КОНТРОЛА ВО ОРГАНСКОТО ПРОИЗВОДСТВО**

| | | |
|---|---|---|
| Назив на правното лице | | |
| ЕДБС | | |
| Седиште и адреса | | |
| Општина | | |
| Име и презиме на управителот на правното лице | | |
| Структура и број на вработени/ангажирани во правното лице | | |
| Решение за акредитација/ договор за акредитација | | |

| | | |
|---|---|---|
| **РЕГИСТАРСКИ БРОЈ НА ОВЛАСТЕНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ** | | |
| Датум на запишување во регистарот | | |
| Решение за упис во регистарот | Број: | Датум: |
| Објавено во "Службен Весник на Република Македонија" | Број: | Датум: |
| Решение за бришење од регистарот | Број: | Датум: |
| Објавено во "Службен Весник на Република Македонија" | Број: | Датум: |
| Забелешка | | |

Овластено лице :

________________________